**20180711348**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

Се прогласува Законот за следење на комуникациите,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 април 2018 година.

Бр. 08-2608/1
12 април 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

Член 1

Со овој закон се уредуваат:

- постапката за спроведување посебна истражна мерка: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации,
- условите и постапката за спроведување на мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата, вклучувајќи ги и мета податоците,
- надзорот и контролата над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите и
- обврските за Оперативно - техничката агенција (во натамошниот текст: ОТА) и операторите.

**Производство, нудење на продажба, продажба, увоз, извоз, реекспорт или држење на средства за следење на комуникациите**

Член 2

(1) Производство, нудење на продажба, продажба, увоз, извоз, реекспорт или држење на средства за следење на комуникациите не може да се врши без одобрение.

(2) Одобрението од ставот (1) на овој член го издава Министерството за внатрешни работи врз основа на поднесено писмено барање од правно лице, во прилог на кое е доставена техничка спецификација на видот и карактеристиките на средствата кои можат да бидат наменети за следење на комуникациите.

(3) Против решението со кое се одбива барањето за издавање одобрение, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(4) Одобрението и барањето од ставот (2) на овој член, како и документите и другите материјали доставени во врска со нив, претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на класификација, согласно со прописите за класифицирани информации.

(5) Одобрението од ставот (2) на овој член ќе се одземе со конечно решение кога ќе се утврди дека:

- повеќе не се исполнети условите врз основа на кои било издадено одобрението,
- правното лице го злоупотребува одобрението за вршење неовластено следење на комуникациите и
- за правното лице е донесено решение за отворање на стечајна постапка.

(6) Одобрението издадено од Министерството за внатрешни работи ќе биде поништено со конечно решение кога ќе се утврди дека било издадено врз основа на неточни или непотполни податоци, а подносителот на барањето знаел или требало да знае дека податоците се неточни или непотполни.

(7) Против решението од ставовите (5) и (6) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

**Основни начела**

Член 3

Основните начела за спроведување на мерките за следење на комуникациите согласно со овој закон се:

- почитување на човековите слободи и права утврдени со Устав, закон и меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и
- забрана за следење на комуникациите согласно со овој закон без судска наредба.

**Значење на изразите**

Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „комуникација“ е давање или размена на информации меѓу луѓе со говор, звуци, светлина, пишуван текст, цртеж, слика, предмет или гестикулации, како и технички процес на испраќање, пренос и примање на каков било говор, податоци, звуци, сигнали, пишуван текст, статички и подвижни слики, кои служат за размена на информации меѓу луѓето, меѓу луѓето и предметите, меѓу предметите или за управување со каков било предмет со помош на телекомуникациски систем, како и интернет протокол, говор преку интернет протокол, интернет страница и електронска пошта;

2) „следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации“ е тајно дознавање на содржината на техничкиот процес на испраќање, пренос и примање на каков било говор, податоци, звуци, сигнали, пишуван текст, статички и подвижни слики, кои служат за размена на информации меѓу луѓето, меѓу луѓето и предметите, меѓу предметите или за управување со каков било предмет со помош на телекомуникациски систем, како и интернет протокол, говор преку интернет протокол, интернет страница и

електронска пошта, преку пристап до техничката опрема кај операторите преку ОТА или со примена на посебни технички уреди и опрема без посредство на ОТА и операторите и истовремено создавање технички запис за содржината на комуникацијата, со можност да се репродуцира;

3) „следење на комуникациите“ е тајно дознавање на содржината на која и да е комуникација и истовремено создавање технички запис за содржината на комуникацијата, со можност да се репродуцира;

4) „посебна истражна мерка“ е следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации;

5) „мерки за следење на комуникациите“ се посебната истражна мерка и мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата: следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации; следење и снимање во внатрешноста на објекти, затворени простори и предмети и влез во тие објекти, затворени простории и предмети, заради создавање услови за спроведување на мерката; следење и светлосно снимање на лица на отворен простор и на јавни места; следење и тонско снимање на содржината на комуникациите на лица на отворен простор и на јавни места;

6) „овластени органи за спроведување на посебната истражна мерка“ се: јавен обвинител и правосудна полиција, утврдена согласно со закон;

7) „овластени органи за спроведување на мерки за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата“ се: Министерството за внатрешни работи - Управата за безбедност и контраразузнавање и Министерството за одбрана - Воената служба за безбедност и разузнавање, а во делот на фреквентниот спектар на радио бранови на високи, многу високи и ултра високи фреквенции (HF, VHF и UHF), овластен орган за спроведување мерка за следење на комуникацијата е Центарот за електронско извидување на Армијата на Република Македонија кој е одреден за потребите на одбраната. Наведените органи се овластени да ги спроведуваат мерките за следење на комуникациите заради вршење работи за кои се надлежни согласно со закон;

8) „средства за следење на комуникациите“ се електронско, механичко или друго техничко средство со чија помош може да се дознае или сними содржината на која и да е комуникација;

9) „телекомуникациски систем“ се средства, уреди, инструменти и медиуми кои го овозможуваат техничкиот процес на прием, насочување, емисија и пренос на говор, податоци од каков било тип, звуци, сигнали, пишуван текст, статички и подвижни слики;

10) „телекомуникациска услуга“ е секоја услуга што им обезбедува на корисниците можност да испратат, пренесат или примат каков и да е говор, податоци, звуци, сигнали, пишуван текст, статички и подвижни слики пренесени во целост или само во некој дел преку телекомуникацискиот систем;

11) „оператор“ е оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и/или давател на јавни електронски комуникациски услуги, кој следената комуникација преку електронска комуникациска мрежа и средства ја обезбедува до органите овластени за спроведување мерки за следење на комуникациите со посредство на ОТА;

12) „мета податоци“ се податоци кои операторот ги задржува согласно со Законот за електронските комуникации;

13) „систем за електронски регистар“ е регистар кој автоматски го зачувува записот/логот (во натамошниот текст: логот), во којшто се пресликани извршените активности на снимената комуникација реализирани во согласност со овој закон. Автоматско снимање подразбира системско снимање на логови, без човечка интервенција. Логовите треба да бидат достапни и читливи за потребите на надзорот и контролата;

14) „регистар во писмена форма“ е регистар во кој овластениот орган хронолошки ги заведува информациите во врска со спроведувањето на следењето на комуникациите;

15) „логови“ се досие или досиеја кои автоматски се креираат, снимаат и зачувуваат на серверот во електронскиот регистар и содржат податоци за сите активности што се извршени, податоци за субјектот кој ги извршил, за кој телефонски број, IP адреса или друг технички идентификациски податок се извршени, кога започнала и кога завршила активноста;

16) „Оперативно - техничка агенција“ е самостоен и независен државен орган основан со закон, кој обезбедува техничка поврзаност помеѓу операторот и овластените органи;

17) „телекомуникации“ се секој пренос на знаци, сигнали, слики, звуци, податоци од каква било природа пренесувани во целост или делумно преку жици, електромагнетен, фотоелектронски или фотооптички систем;

18) „медијациски уред (LEIMD)“ е посредничка техничка опрема и соодветна софтверска поддршка којашто го овозможува активирањето на мерката следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации;

19) „информации поврзани со следената комуникација“ се податоци за телекомуникациските услуги за лицето и/или предметот кои се цел на следење на комуникациите, а особено податоци поврзани со комуникацијата, податоци за услугите и податоци за локацијата, како и сите други податоци;

20) „опрема за следење на комуникации (LEMF)“ се средства за следење на комуникации до кои се пренесуваат содржината на следената комуникација и информациите поврзани со следената комуникација од техничката опрема на операторите преку ОТА до работните станици кои ги поседуваат овластените органи;

21) „работна станица“ е персонален компјутер со соодветна софтверска поддршка поврзан со опремата за следење на комуникации (LEMF), со кој се пристапува до содржината на следената комуникација со можност за нејзино преземање и до информациите поврзани со следената комуникација.

### Право на судска заштита

Член 5

(1) Ако податоците собрани со спроведување на мерките за следење на комуникациите се објават во јавноста, граѓанинот кој поради тоа претрпел штета има право на надоместок на штета во судска постапка.

(2) Средствата за надоместок на штетата од ставот (1) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

### Надоместок на штета

Член 6

(1) Лицето чијашто комуникација била следена спротивно на одредбите од овој закон, има право на надоместок на штета во судска постапка.

(2) Средствата за надоместок на штетата од ставот (1) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## II. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНА ИСТРАЖНА МЕРКА

### Барање за спроведување на посебна истражна мерка

Член 7

Барање за спроведување на посебна истражна мерка: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации (во натамошниот текст: посебната истражна мерка) до надлежниот судија на претходна постапка поднесува надлежниот јавен обвинител по сопствена иницијатива или на предлог на овластено лице од правосудната полиција.

### Содржина на барањето за спроведување на посебна истражна мерка

Член 8

Барањето за спроведување на посебната истражна мерка се поднесува до судијата на претходната постапка во писмена форма и ги содржи:

- законскиот назив на кривичното дело,
- лицето или предмети врз кои ќе се примени посебната истражна мерка,
- техничките средства кои ќе се применат,
- обемот и местото на спроведување на посебната истражна мерка,
- сознанијата и доказите врз основа на кои се засноваат основите на сомневање и образложение за причините поради кои податоците или доказите не можат да се соберат на друг начин,
- органот кој треба да ја спроведе наредбата,
- времетраењето на посебната истражна мерка,
- видот на телекомуникацискиот систем, телефонскиот број или друг податок за идентификација како и идентификациски број за секој од нив поодделно.

### Одлучување за барање за спроведување на посебна истражна мерка

Член 9

(1) Судијата на претходната постапка одлучува за барањето за спроведување на посебната истражна мерка најдоцна во рок од 72 часа од поднесувањето на барањето.

(2) Ако судијата на претходната постапка не се согласи со барањето за спроведување на посебна истражна мерка, се применуваат одредбите од Законот за кривичната постапка со кои е уредена постапката во случај кога судијата на претходната постапка не се согласува со предлогот на јавниот обвинител.

### Постапка во итни случаи

Член 10

(1) По исклучок од членот 9 од овој закон, во итни случаи, кога постои основано сомневање дека одолговлекувањето може негативно да влијае на спроведување на постапката, судијата на претходна постапка може веднаш, но не подолго од 12 часа да издаде привремена писмена наредба со која ќе дозволи спроведување на посебната истражна мерка за времетраење од 48 часа.

(2) Привремената писмена наредба од ставот (1) на овој член, судијата ја издава врз основа на писмено барање на надлежниот јавен обвинител, кој барањето го доставува по сопствена иницијатива или врз основа на писмен предлог од овластено лице од правосудната полиција.

(3) Привремената писмена наредба од ставот (1) на овој член со анонимизираните примероци од наредбата за потребите за ОТА и за потребите на надзор и контрола судијата ги доставува согласно со членот 12 од овој закон.

(4) По приемот на анонимизираниот примерок на наредбата, овластеното лице во ОТА е должно да постапи веднаш согласно со членот 64 став (1) алинеја 1 од овој закон.

(5) Доколку е оценето дека има потреба за продолжување на рокот за спроведување на посебната истражна мерка од ставот (1) на овој член, пред истекот на рокот се постапува согласно со членот 11 од овој закон.

**Времетраење и продолжување на спроведувањето на посебна истражна мерка**

Член 11

(1) Со наредбата за посебната истражна мерка судијата на претходната постапка ќе дозволи спроведување на мерката за време што е неопходно потребно, но не подолго од четири месеци сметано од денот на нејзиното донесување.

(2) Пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член, доколку овластеното лице во правосудната полиција оцени дека има потреба да се продолжи со посебната истражна мерка, е должно до надлежниот јавен обвинител да достави посебен извештај во кој ќе ги наведе резултатите од следењето на комуникациите со предлог за продолжување на рокот, во кој ќе ги образложи причините поради кои се предлага продолжувањето.

(3) Ако надлежниот јавен обвинител се согласи со предлогот од ставот (2) на овој член или по сопствена иницијатива оцени дека е потребно да се продолжи со посебната истражна мерка, пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член е должен писмено да го извести судијата на претходната постапка за резултатите од спроведувањето на мерката со барање за нејзино продолжување со образложение за причините поради кои се бара продолжување на рокот.

(4) Во случај кога надлежниот јавен обвинител поднесува барање за продолжување на рокот за посебната истражна мерка пред неговото истекување, судијата на претходната постапка може, пред истекот на тој рок да донесе наредба за продолжување на рокот, за време не подолго од четири месеци од денот на истекот на рокот, чие продолжување се предлага.

(5) Продолжување на посебната истражна мерка може да се дозволи и по истекот на рокот од ставот (1) на овој член. Во тој случај, јавниот обвинител, по сопствена иницијатива или на предлог на овластеното лице на правосудната полиција е должен до судијата на претходната постапка да достави писмено барање за продолжување на рокот за посебната истражна мерка, во кој посебно ќе ги образложи причините поради кои се бара продолжувањето.

(6) Во случај кога надлежниот јавен обвинител поднесува барање за продолжување на рокот за посебната истражна мерка по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, судијата на претходната постапка може најдоцна во рок од три дена од денот на поднесување на барањето да донесе наредба за продолжување на рокот за спроведување на посебната истражна мерка, за време не подолго од четири месеци.

(7) За кривични дела за кои е утврдена казна затвор од најмалку четири години за кои постои основано сомневање дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, судијата на претходната постапка може да го продолжи рокот од ставот (1) на овој член за уште најдолго шест месеци, по писмено барање на јавниот обвинител, а врз основа на процена на корисноста од собраните податоци со примена на мерката и врз разумно очекување дека со мерката и натаму може да се добијат податоци од интерес за постапката.

(8) Судијата на претходната постапка може да дозволува продолжување на рокот за посебната истражна мерка, најмногу во вкупно траење од 14 месеци, сметајќи го и времето определено со првата наредба издадена за посебната истражна мерка.

(9) Во случај на несогласување на судијата на претходната постапка со барањето за продолжување на рокот за следење на комуникациите, се постапува согласно со членот 9 став (2) од овој закон.

**Доставување на наредба за спроведување на посебна истражна мерка и обврска за овластеното лице во ОТА**

Член 12

(1) Издадената наредба за спроведување на посебната истражна мерка, односно издадената привремена писмена наредба за посебната истражна мерка судијата на претходната постапка со анонимизираниот примерок на наредбата за потребите на ОТА и анонимизираниот примерок на наредбата за потребите на вршење на надзорот и контролата веднаш ги доставува до надлежниот јавен обвинител.

(2) Доколку јавниот обвинител ја спроведува мерката, анонимизираните примероци од наредбата, веднаш ги доставува до ОТА.

(3) Во случај кога посебната истражна мерка се спроведува од страна на правосудната полиција, надлежниот јавен обвинител издадената наредба, со анонимизираните примероци на наредбата од ставот (1) на овој член ги доставува на овластеното лице на правосудната полиција кое анонимизираните примероци на наредбата ги доставува до ОТА.

(4) По приемот на анонимизираниот примерок на наредбата од ставовите (2) и (3) на овој член, овластеното лице во ОТА е должно да постапи согласно со членот 64 став (1) алинеја 1 од овој закон.

**Следење на дејствијата што се преземаат во врска со спроведувањето на посебна истражна мерка од надлежен јавен обвинител**

Член 13

(1) За време на спроведувањето на посебната истражна мерка надлежниот јавен обвинител континуирано ги следи дејствијата што се преземаат во врска со спроведување на наредбата и врши увид во сите податоци, списи и други материјали собрани со спроведување на наредбата.

(2) Во случај кога спроведувањето на посебната истражна мерка се врши од страна на овластеното лице на правосудната полиција, надлежниот јавен обвинител може, без претходна најава да изврши увид во спроведувањето на посебната истражна мерка, заради контрола, како и заради слушање и преслушување на разговорите, што се предмет на интерес.

**Извештаи за спроведувањето на посебна истражна мерка**

Член 14

(1) Заради континуирано информирање на надлежниот јавен обвинител, на секои 30 дена од денот кога е издадена наредбата за спроведување на посебната истражна мерка, овластените лица од правосудната полиција се должни, до надлежниот јавен обвинител да доставуваат извештај за спроведувањето на посебната истражна мерка.

(2) Покрај извештаите од ставот (1) на овој член овластените лица од правосудната полиција доставуваат извештај и кога тоа ќе го побара надлежниот јавен обвинител.

(3) Во итни случаи, овластените лица од ставот (1) на овој член се должни веднаш, телефонски или лично да го известат јавниот обвинител.

**Конечен извештај за спроведување на посебна истражна мерка**

Член 15

По спроведување на посебната истражна мерка овластеното лице на правосудната полиција изготвува конечен извештај кој го доставува до јавниот обвинител согласно со закон.

**Чување и ништење на податоци**

Член 16

(1) Податоците собрани со посебната истражна мерка, се чуваат од страна на надлежниот јавен обвинител и по донесување на јавнообвинителска одлука се доставуваат до судот.

(2) Во случај кога надлежниот јавен обвинител ќе донесе одлука со која истрагата се затвора без можност за нејзино повторно отворање, податоците од ставот 1 на овој член се предаваат на судија на претходна постапка.

(3) Во случај кога надлежниот јавен обвинител ќе поднесе обвинение, податоците од ставот (1) на овој член се чуваат во судот и тоа:

- во случај кога е донесена ослободителна или одбивателна пресуда - до истекот на роковите за застареност на кривичното гонење и
- во случај кога е донесена осудителна пресуда - до истекот на рокот за застареност на извршување на кривичната санкција.

(4) По истекувањето на рокот од ставот (3) на овој член, како и во случајот од ставот 2 од овој член податоците се ништат за што се изготвува извештај.

(5) Решение за ништење на податоците од ставот (4) на овој член донесува судијата на претходната постапка врз основа на посебно барање или по службена должност.

(6) Барањето од ставот (5) на овој член го доставува надлежниот јавен обвинител или заинтересираното лице.

(7) Ништењето на податоците го врши судија определен од претседателот на судот каде што е водена кривичната постапка во која се користени тие податоци.

(8) За извршеното ништење, судијата изготвува извештај.

**Спроведување на посебна истражна мерка со посебни технички уреди и опрема**

Член 17

(1) Посебната истражна мерка може да се спроведе и со помош на посебни технички уреди и опрема кои овозможуваат спроведување на мерката без посредство на ОТА и операторите.

(2) Техничките уреди и опрема од ставот (1) на овој член се чуваат во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. За техничките уреди и опрема се изготвува Преглед со спецификација кој редовно се ажурира.

(3) По добивање на судската наредба во која за спроведување на посебната истражна мерка се определени техничките уреди и опрема од ставот (1) на овој член, овластеното лице од правосудната полиција, приложувајќи ја наредбата, ги презема техничките уреди и опремата од Основното јавно обвинителство од ставот (2) на овој член и по завршување на времетраењето на спроведувањето на посебната истражна мерка, истите веднаш ги враќа во обвинителството.

(4) За преземањето и враќањето на техничките уреди и опремата од ставот (3) на овој член, во обвинителството од ставот (2) на овој член се води посебен регистар во кој се наведува времето на преземање, односно времето на враќање на техничките уреди и опремата, идентификацискиот број на уредите и опремата, бројот на судската наредба врз основа на која се предадени уредите и опремата, името на овластеното лице од правосудната полиција што ги презело, односно вратило техничките уреди и опрема, името на службено лице од обвинителството што ги предало, односно примило истите и своерачен потпис на лицата.

(5) При преземањето, односно враќањето на техничките уреди и опрема, податоците од ставот (4) на овој член се внесуваат истовремено и во регистерот на овластениот орган, кој овластеното лице кое го врши преземањето односно враќањето, за таа цел го носи со себе.

(6) Техничките уреди и опрема од ставот (1) на овој член се активираат веднаш по нивното преземање, со што започнува да тече рокот за спроведување на посебната истражна мерка.

(7) Надлежниот јавен обвинител може во кое било време да побара од овластеното лице од правосудната полиција да слуша или преслуша разговор што е предмет на интерес и да изврши увид во записи за користењето на уредите и опремата.

(8) Јавниот обвинител на Република Македонија го утврдува начинот на чување и ракување со посебните уреди и опремата од ставот (1) на овој член.

## III. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ЗАРАДИ ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ОДБРАНАТА НА ДРЖАВАТА

### 1. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

**Видови на мерки за следење на комуникациите**

Член 18

Мерки за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата се:

1. следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации;
2. следење и снимање во внатрешноста на објекти, затворени простории и предмети и влез во тие објекти, затворени простории и предмети, заради создавање услови за спроведување на мерката;
3. следење и светлосно снимање на лица на отворен простор и на јавни места и
4. следење и тонско снимање на содржината на комуникациите на лица на отворен простор и на јавни места.

## Услови за издавање на наредба

Член 19

(1) Судот може да нареди мерки за следење на комуникациите од членот 18 од овој закон кога постојат основи на сомневање дека се подготвува извршување на кривично дело против државата, против вооружените сили или против човечноста и меѓународното право.

(2) Освен во случаите од ставот (1) на овој член, судот може да нареди мерки за следење на комуникациите заради превентивно дејствување, кога се подготвува, поттикнува, организира или учествува во вооружен напад против Република Македонија или во онеспособување на нејзиниот безбедносен систем да ги врши своите функции, како и заради превентивно дејствување во однос на активностите за кривичните дела од Кривичниот законик: терористичка организација (член 394-а), тероризам (член 394-б) и финансирање на тероризам (член 394-в), кога на друг начин не можат да се обезбедат информации за таквата активност или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии, за да се спречи извршувањето на кривичното дело, вооружениот напад или онеспособувањето на безбедносниот систем.

(3) Ако постои можност за избор помеѓу повеќе мерки за следење на комуникациите, ќе се примени мерката со која најмалку се задира во човековите слободи и права утврдени со Уставот на Република Македонија, законот и меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Барање за издавање на наредба

Член 20

(1) Барање за донесување наредба за спроведување мерка за следење на комуникациите од членот 18 од овој закон, поднесува Јавниот обвинител на Република Македонија на предлог на министерот за внатрешни работи или од него овластено лице или на предлог на министерот за одбрана или од него овластено лице.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член ги содржи:

- видот на мерката за следење на комуникацијата за која се поднесува барањето,
- податоците за физичкото или правното лице кон кое ќе се спроведува мерката, податоци за објектот, просторот или предметот за кој ќе се спроведува мерката,
- органот кој треба да ја спроведе наредбата,
- образложение на причините и потребата поради кои се предлага спроведување на мерката,
- времетраењето на мерката и
- видот на телекомуникацискиот систем, телефонскиот број или друг податок за идентификација, како и идентификациски број за секој од нив поодделно.

(3) Ако барањето се доставува за донесување наредба за повеќе мерки за следење на комуникациите се наведуваат податоци за секоја мерка одделно.

(4) Барањето за спроведување мерка за следење на комуникациите од ставот (1) на овој член Јавниот обвинител на Република Македонија го поднесува до судијата на Врховниот суд на Република Македонија, одреден со внатрешниот распоред на судот.

## Одлучување по барањето за издавање на наредба

Член 21

(1) За барањето од членот 20 од овој закон, одлучува судијата на Врховниот суд на Република Македонија веднаш, но не подоцна од 24 часа од поднесувањето на барањето.

(2) Ако судијата од ставот (1) на овој член не се согласи со барањето за издавање на наредба за спроведување на мерката за следење на комуникациите Јавниот обвинител на Република Македонија има право на приговор до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 12 часа од известувањето за несогласувањето.

(3) По приговорот од ставот (2) на овој член во рок од 12 часа од неговото поднесување решава совет од тројца судии на Врховниот суд на Република Македонија, во кој не може да биде член судијата кој не се согласил со барањето.

**Содржина на наредбата**

Член 22

(1) Наредбата за спроведување на мерка за следење на комуникациите ги содржи:

- видот на мерката за следење на комуникацијата за која се поднесува барањето,
- податоците за физичкото или правното лице кон кое ќе се спроведува мерката, податоци за објектот, просторот или предметот за кој ќе се спроведува мерката за следење,
- органот кој треба да ја спроведе наредбата,
- образложение на причините и потребата поради кои се предлага спроведување на мерката,
- времетраењето на мерката и
- видот на телекомуникацискиот систем, телефонскиот број или друг податок за идентификација, како и идентификациски број за секој од нив поодделно.

(2) Анонимизираниот примерок од наредбата од ставот (1) на овој член, кој се доставува до овластеното лице во ОТА содржи податоци за:

- бројот на наредбата;
- времетраењето на мерката и
- видот на телекомуникацискиот систем, телефонскиот број или друг податок за идентификација, како и идентификацискиот број за секој од нив поодделно.

(3) Анонимизираниот примерок од наредбата од ставот (1) на овој член за потребите на надзорот и контролата што се врши согласно со одредбите од овој закон, содржи податоци за:

- бројот на наредбата,
- времетраење на мерката и
- идентификацискиот број.

(4) Анонимизацијата на податоците во наредбата од ставот (1) на овој член, ја врши судијата кој ја донел наредбата.

(5) Начинот на анонимизацијата и на евидентирањето во регистарот на наредбите од ставовите (2) и (3) на овој член и од членот 30 од овој закон го пропишува министерот за правда.

**Доставување на наредбата и обврска за овластеното лице во ОТА**

Член 23

(1) Судијата на Врховниот суд на Република Македонија наредбите од членот 22 ставови (1), (2) и (3) од овој закон ги доставува до Јавниот обвинител на Република Македонија, кој наредбите, ги доставува до овластеното лице во органот на чиј предлог го поднел барањето до судијата на Врховниот суд на Република Македонија.

(2) Овластеното лице од ставот (1) на овој член, анонимизираните примероци од наредбата од членот 22 ставови (2) и (3) од овој закон ги доставува до овластеното лице во ОТА.

(3) По приемот на анонимизираниот примерок на наредбата од ставот (2) на овој член, овластеното лице во ОТА е должно да постапи согласно со членот 64 став (1) алинеја 1 од овој закон.

**Времетраење на мерката за следење на комуникациите**

Член 24

(1) Со наредбата за спроведување на мерката за следење на комуникациите, судијата на Врховниот суд на Република Македонија ќе дозволи спроведување на мерката за следење на комуникациите за време што е неопходно потребно, но не подолго од шест месеци.

(2) Согласно со членот 26 од овој закон судијата може да нареди продолжување на спроведувањето на мерката за следење на комуникациите за времето за коешто е потребно, но не подолго од шест месеци, со можност за повторни продолжувања на мерката за шест месеци, при што мерката за следење на комуникациите може да се продолжува најдолго две години, сметајќи го и времето определено со првата наредба издадена за мерката за следење на комуникациите.

**Запирање на мерката за следење на комуникациите**

Член 25

(1) Кога ќе се постигнат целите заради кои се определени мерките за следење на комуникациите или ќе престанат да постојат основите заради кои се одобрени, овластеното лице од органот кој го доставил предлогот за издавање на мерката, веднаш за тоа го известува Јавниот обвинител на Република Македонија, за да достави до судијата на Врховниот суд на Република Македонија барање за запирање на мерките.

(2) По доставеното барање од ставот (1) на овој член, судијата веднаш на јавниот обвинител му наредува запирање на мерките, а јавниот обвинител ја проследува наредбата до овластеното лице од ставот (1) на овој член, кое наредбата ја доставува до овластеното лице на ОТА.

(3) Овластеното лице на ОТА од ставот (2) на овој член е должно веднаш да постапи по наредбата за запирање на мерката, согласно со членот 64 став (1) алинеја 2 од овој закон.

**Продолжување на мерката за следење на комуникациите**

Член 26

(1) Пред истекот на рокот од членот 24 став (1) од овој закон, доколку овластеното лице од органот кој ја спроведува мерката за следење на комуникациите, оцени дека има потреба да се продолжи со спроведување на мерката, е должно до Јавниот обвинител на Република Македонија да достави предлог за продолжување на рокот за време што е потребно, но не подолго од шест месеци, во кој ќе ги образложи причините поради кои се предлага продолжувањето.

(2) Јавниот обвинител на Република Македонија врз основа на предлогот за продолжување на рокот од ставот (1) на овој член, пред истекот на рокот за издадената мерка за следење на комуникацијата, поднесува барање за продолжување на рокот за спроведување на мерката, со образложение за причините поради кои се предлага продолжувањето.

(3) Судијата на Врховниот суд на Република Македонија, врз основа на барањето од ставот (2) на овој член може да нареди мерката за следење на комуникацијата да биде продолжена за време што е потребно, но не подолго од шест месеци.

(4) Во случај кога судијата не се согласува со барањето од ставот (2) на овој член јавниот обвинител може да поднесе приговор до Врховниот суд на Република Македонија, во рок од 12 часа од известувањето за несогласувањето.

(5) По приговорот од ставот (4) на овој член се постапува согласно со членот 21 став (3) од овој закон.

**Извештај**

Член 27

(1) Овластениот орган на секои три месеци од почетокот на спроведување на мерката за следење на комуникациите до Јавниот обвинител на Република Македонија изготвува и доставува извештај за спроведувањето на мерката.

(2) Овластениот орган покрај извештаите од ставот (1) на овој член доставува извештај и кога тоа ќе го побара Јавниот обвинител на Република Македонија, како и по истекот на времето за кое е дозволено спроведување на мерката за следење на комуникациите.

(3) Јавниот обвинител на Република Македонија, извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член ги доставува до Врховниот суд на Република Македонија.

**Доставување на податоци собрани со спроведување на мерката за следење на комуникациите на надлежен јавен обвинител**

Член 28

(1) Податоците собрани со спроведување на мерката за следење на комуникациите од кои произлегуваат основи на сомневање дека се подготвува, во тек е или е извршено кривично дело за кое според закон може да се издаде посебна истражна мерка, Јавниот обвинител на Република Македонија податоците му ги доставува на надлежниот јавен обвинител за понатамошно постапување согласно со закон.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член не можат да се употребат како доказ во кривична постапка, но можат да се користат за иницирање и насочување на кривичната истрага.

**Чување и ништење на податоците собрани со спроведување на мерката за следење на комуникациите**

Член 29

(1) Податоците собрани и обработени со извршувањето на наредбата за спроведување на мерките за следење на комуникациите од членот 18 од овој закон, кога ќе се процени дека тие се од значење за спроведената мерка, се чуваат во овластените органи за спроведување на мерките, во согласност со прописите за заштита на лични податоци и класифицирани информации, за период од три години, сметано од истекот на времето определено со наредбата од членот 24 од овој закон.

(2) Периодот од три години од ставот (1) на овој член може да започне повторно да тече во случај на добивање нова информација која е директно поврзана со специфичните податоци за кои сè уште не е истечен периодот на чување. Во случај кога периодот од три години е продолжен, потребно е да се спроведе и да се документира периодична процена на потребата за чување на специфичните податоци на годишно ниво.

(3) Податоците од ставовите (1) и (2) на овој член се предмет на процена со цел да се утврди дали се од значење во однос на целите за кои е спроведена мерката за следење на комуникации. Доколку се утврди дека податоците не се од значење, се ништат.

(4) Начинот на утврдување на релевантноста на податоците од ставот (3) на овој член и начинот на нивно ништење ги пропишува министерот за внатрешни работи, односно министерот за одбрана, секој од својата надлежност.

(5) По истекот на рокот од ставовите (1) и (2) на овој член, податоците и сите материјали во врска со извршувањето на наредбата за спроведување на мерките за следење на комуникациите се ништат под надзор на судија од Врховниот суд на Република Македонија, одреден со внатрешниот распоред на судот за издавање наредби и за ништењето се составува записник во кој се регистрира само бројот на судската наредба. Сите податоци во судскиот регистар за лицето на кое се однесувала наредбата се чуваат 10 години, а по истекот на рокот се ништат.

(6) Записникот од ставот (5) на овој член се изготвува во два примерока и се чува 10 години, од кои по еден примерок за судот и за подносителот на барањето за следење на комуникациите.

**Постапување во итни случаи**

Член 30

(1) По исклучок од членот 21 од овој закон, во итни случаи, кога постои опасност од одлагање, судијата на Врховниот суд на Република Македонија може веднаш да издаде привремена писмена наредба за спроведување на мерката од членот 18 точка 1 од овој закон, за времетраење од 48 часа. Привремената писмена наредба и анонимизираните примероци од издадената писмена наредба за потребите на ОТА и за потребите за вршење надзор и контрола согласно со овој закон судијата ги доставува на Јавниот обвинител на Република Македонија кој ги доставува до овластеното лице на овластениот орган кое ги доставува до ОТА. Овластеното лице во ОТА е должно да постапи веднаш согласно со членот 64 став (1) алинеја 1 од овој закон.

(2) Наредбата од ставот (1) на овој член судијата на Врховниот суд ја издава врз основа на писмено барање на Јавниот обвинител на Република Македонија, кој постапува по образложен предлог во писмена форма поднесен од овластеното лице на овластениот орган.

(3) Привремената писмена наредба од ставот (1) на овој член ги содржи податоците од членот 22 став (1) од овој закон.

(4) Анонимизираниот примерок од наредбата од ставот (3) на овој член за потребите за ОТА и анонимизираниот примерок за потребите на надзорот и контролата се изготвуваат согласно со членот 22 ставови (2) и (3) од овој закон.

(5) Анонимизацијата на податоците на наредбата од ставот (3) на овој член ја врши судијата кој ја издал наредбата.

(6) Начинот на анонимизирање и евидентирањето во регистарот на наредбите од ставот (4) на овој член се врши согласно со подзаконскиот акт од членот 22 став (5) од овој закон.

(7) Доколку е оценето дека има потреба за продолжување на рокот за спроведување на мерката за следење на комуникациите од ставот (1) на овој член, пред истекот на рокот се постапува согласно со членот 26 од овој закон.

**Обврска за чување службена тајна**

Член 31

(1) Лице од овластените органи за спроведување на мерките за следење на комуникациите, лице од ОТА и лице од операторите кое на кој и да било начин дознае податоци што се однесуваат или произлегуваат од спроведувањето на мерки за следење на комуникациите е должно да ги чува како службена тајна, освен ако тие се незаконски прибавени.

(2) Во случај кога лицето од ставот (1) на овој член дознае дека податоците од ставот (1) на овој член се незаконски прибавени, е должно веднаш да го извести надлежниот јавен обвинител.

(3) Обврската за чување на службена тајна на лицето од ставот (1) на овој член се однесува за времетраењето на неговиот мандат, односно работен однос, како и по нивното завршување, за период од пет години.

2. МЕТА ПОДАТОЦИ

**Обврска за операторите**

Член 32

За потребите на безбедноста и одбраната на државата, на барање на овластените органи, операторите се должни да достават мета податоци.

**Барање за мета податоци и известување на Јавниот обвинител на Република Македонија**

Член 33

(1) Барање за собирање на податоците од членот 32 од овој закон до операторот поднесува овластено лице од органот.

(2) За поднесеното барање од ставот (1) на овој член органот го известува Јавниот обвинител на Република Македонија.

(3) Јавниот обвинител на Република Македонија ја оценува оправданоста на бараните податоци од ставот (2) на овој член, во рок не подолг од 48 часа.

(4) Во случај кога Јавниот обвинител на Република Македонија нема да ја потврди оправданоста на податоците од ставот (3) на овој член, органот е должен веднаш да го прекине користењето на податоците и истите да ги уништи во соодветна постапка.

3. СПРОВЕДУВАЊЕ МЕРКИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ СО ПОСЕБНИ ТЕХНИЧКИ УРЕДИ И ОПРЕМА

**Спроведување мерки за следење на комуникациите без посредство на ОТА и операторите**

Член 34

Мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедност и одбраната на државата може да се спроведат и со посебни технички уреди и опрема без посредство на ОТА и операторите во постапка и под услови утврдени со закон.

## IV. НАДЗОР И КОНТРОЛА НАД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

1. Надзорни тела за спроведување на мерките за следење на комуникациите

**Надзорни тела**

Член 35

(1) Надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над операторите и ОТА се врши од страна на:

- Собранието на Република Македонија,
- Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации,
- Дирекцијата за заштита на лични податоци и
- Народен правобранител на Република Македонија.

(2) Надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над ОТА врши Советот за граѓанска контрола.

(3) На барање на надзорните тела од ставот (1) на овој член ОТА помага во спроведувањето на надзорот над операторите.

(4) ОТА во согласност со Законот за Оперативно - техничката агенција самостојно или по барање на овластените органи врши стручен надзор над операторот.

**Обврски за чување на службена тајна**

Член 36

(1) Лицата во надзорните тела од членот 35 од овој закон и експертите од членот 39 од овој закон се должни да ги чуваат како службена тајна класифицираните информации вклучувајќи ги и личните податоци до кои дошле при извршениот надзор согласно со закон.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член трае и по завршување на нивната функција во надзорните тела, односно и по завршување на нивното ангажирање како експерт за период од пет години.

**Обврски за безбедносен сертификат**

Член 37

(1) Лицата од членот 36 став (1) од овој закон се обврзани да поседуваат безбедносен сертификат со соодветен степен за пристап до класифицирани информации.

(2) Безбедносниот сертификат од ставот (1) на овој член се издава во рок не подолг од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето, под услови и во постапка утврдена со закон.

1.1 Надзор од Собранието на Република Македонија

**Состав на Комисијата**

Член 38

(1) За вршење на надзорот од членот 35 од овој закон Собранието на Република Македонија од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија, формира Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата е составена од претседател, четири члена, заменик претседател и четири заменици членови.

(3) Претседателот на Комисијата, односно неговиот заменик е од редот на политичката партија во Собранието на Република Македонија во опозиција, којашто на последните избори за пратеници освоила најмногу гласови, двајца членови на Комисијата, односно нивни заменици се од редот на политичките партии на власт и двајца членови, односно нивни заменици се од редот на политичките партии во опозиција во Собранието на Република Македонија.

**Акредитација на техничките експерти**

Член 39

(1) Комисијата од членот 38 од овој закон заради ефективно вршење на надзорот ангажира национални или меѓународни технички експерти, со познавање на соодветно стручно знаење, кои врз основа на нивна акредитација, можат активно да учествуваат во надзорот, како дел од Комисијата.

(2) Веднаш по своето формирање и не подоцна од 50 дена, Комисијата избира двајца експерти за постојана поддршка, а во рок од шест месеци изготвува листа на дополнителни национални или меѓународни експерти кои може да бидат акредитирани како експерти за секој случај поединечно за период кој е неопходен за подготвување, реализирање и известување за техничкиот резултат од извршениот надзор.

(3) На барање на Комисијата, Агенцијата за електронски комуникации, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Дирекцијата за заштита на личните податоци, овластениот орган кој не е предмет на надзор и која било друга државна институција дава експертска поддршка на Комисијата за прашања од нивна надлежност утврдени со закон, за време на вршењето на надзорот, согласно со овој закон.

**Цел и постапка за вршење на надзорот**

Член 40

(1) Комисијата го врши надзорот од членот 35 од овој закон со цел да се утврди законитоста на спроведувањето на мерките за следење на комуникации од членовите 7 и 18 од овој закон, како и ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки.

(2) Комисијата и акредитираните технички експерти како дел од Комисијата, при вршење на надзорот, заради утврдување на законитоста на мерките од ставот (1) на овој член вршат споредба на податоците од членовите 41, 42 и 43 од овој закон, кои овластените органи, ОТА и операторите ги имаат во сопственост, ги поседуваат или генерираат.

(3) Комисијата заради утврдување на ефективноста од ставот (1) на овој член, на седница го разгледува годишниот извештај на Јавниот обвинител на Република Македонија за посебните истражни мерки, кој Јавниот обинител на Република Македонија го доставува до Собранието на Република Македонија согласно со закон.

**Податоци кои при вршење на надзорот се бараат од операторот**

Член 41

Податоците кои се во сопственост, ги поседува или генерира операторот и кои се достапни на барање на Комисијата или кои непосредно се преземаат од страна на акредитираните технички експерти како дел од Комисијата за време на вршење на надзорот се:

- логови за времето и датумот на почетокот на мерката за следење на комуникациите,
- логовите за времето и датумот на завршување на мерката за следење на комуникацијата,
- логови за конфирмација за активирањето,
- логови за вкупниот број на позитивни конфирмации извршени во определен временски период.

**Податоци кои при вршење на надзорот се бараат од ОТА**

Член 42

Податоците кои се во сопственост, ги поседува или генерира ОТА, а кои се достапни на барање на Комисијата или кои непосредно се преземаат од страна на акредитираните технички експерти како дел од Комисијата за време на вршење на надзорот се:

- анонимизираната судска наредба и анонимизираната привремена писмена наредба,
- логовите за бројот на анонимизираната судска наредба,
- логовите за времето на започнување и завршување на спроведување на мерката за следење на комуникација,
- логовите за вкупниот број на спроведени мерки за следење комуникации за одреден временски период.

**Податоци кои при вршење на надзорот се бараат од овластените органи**

Член 43

Податоците кои се во сопственост, ги поседуваат или генерираат овластените органи, а кои се достапни на барање на Комисијата за време на вршење на надзорот се:

- анонимизираната судска наредба и анонимизираната привремена писмена наредба и
- документите кои се однесуваат на почетокот и на крајот на спроведување на мерката за следење на комуникациите.

**Начин на вршење надзор**

Член 44

(1) Комисијата го врши надзорот без претходна најава, по потреба, а најмалку еднаш во три месеци дури и во недостиг на мнозинство гласови.

(2) По извршениот надзор Комисијата изготвува извештај за извршениот надзор во кој се наведува дали е констатирано законско или незаконско постапување, односно дали постои злоупотреба во постапувањето.

(3) Во случај кога во извештајот од ставот (2) на овој член се утврдува законско постапување, истиот се доставува до Собранието на Република Македонија, за што Комисијата ја информира јавноста.

(4) Во случај кога при извршениот надзор ќе се утврдат неправилности или злоупотреби во постапката на спроведување на мерките за следење на комуникацијата утврдена со одредбите од Законот за кривичната постапка и одредбите од овој закон, како и повреда на кој било меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија, Комисијата е должна:

- во рок од 24 часа да го извести надлежниот јавен обвинител,
- во случај на повреда на личните податоци или човековите права ги известува соодветните надлежни органи,

- доколку е во можност и без наведување на конкретни податоци го информира Собранието на Република Македонија,
- доколку е во можност и без изнесување на конкретни податоци ја информира јавноста.

**Извештаи на Комисијата**

Член 45

(1) Комисијата поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија за претходната календарска година, најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член Собранието го разгледува и усвојува со мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници и дава препораки за работата на Комисијата.

(3) По потреба и врз основа на барање на Собранието на Република Македонија, Комисијата доставува дополнителни извештаи.

(4) За извештајот од ставот (2) на овој член соодветно се известува јавноста.

**Деловник за работа**

Член 46

Комисијата донесува Деловник за својата работа, со кој се уредуваат прашањата за начинот на работа на Комисијата, како и за начинот на ангажирање на технички експерти.

1.2. Совет за граѓански надзор

**Назначување на Советот**

Член 47

Со цел остварување на граѓански надзор на законитоста на спроведување над мерките за следење на комуникациите се назначува Совет за граѓански надзор (во понатамошниот текст: Советот).

**Состав на Советот**

Член 48

(1) Советот е составен од претседател и шест членови кои ги назначува Собранието на Република Македонија за период од три години, без право на повторен избор.

(2) Собранието на Република Македонија распишува јавен оглас за назначување на претседател и шест членови од кои тројца се експерти и тројца се претставници од невладините организации (здруженија) од областа на заштитата на основните човекови права и слободи, безбедноста и одбраната.

(3) Претседател и член на Советот може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- во моментот на распишување на јавниот оглас со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен на образование,

- да има работно искуство од најмалку седум години во областа на правото, телекомуникациите и информатичките технологии или пет години работно искуство кај невладините организации од областа на заштитата на човековите права, безбедноста и одбраната.

**Престанок на мандат**

Член 49

(1) На претседателот и на членот на Советот може да им престане мандатот во Советот поради следниве причини:

- на негово барање,
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата,
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци.

(2) Основи за разрешување на претседателот и на член на Советот пред истекот на мандатот се:

- нестручно и несовесно работење,
- прекршување на безбедноста на класифицирани информации,
- злоупотреба на личните податоци,
- ако не постапи во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата.

**Извештаи на Советот**

Член 50

(1) Советот доставува до Собранието на Република Македонија годишен извештај за работата на Советот за претходната календарска година најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се разгледува на седница на Собранието на Република Македонија.

(3) По потреба и на барање на Собранието на Република Македонија, Советот доставува дополнителни извештаи.

(4) За извештајот од ставот (1) на овој член соодветно се известува јавноста.

**Постапување на Советот**

Член 51

(1) Советот постапува по сопствена иницијатива или по претставка поднесена од граѓанин.

(2) Врз основа на претставка поднесена од граѓанин Советот е должен:

- веднаш да поднесе барање до Комисијата од членот 38 од овој закон, за да спроведе надзор согласно со членот 40 од овој закон со цел да се осигура дали телефонскиот број на граѓанинот е или бил незаконски следен во последните три месеци и
- да изврши надзор во ОТА и овластените органи.

(3) Комисијата врз основа на извршениот надзор од ставот (2) алинеја 1 на овој член доставува известување до Советот во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

(4) Заради зачувување на доверливоста на мерките за следење на комуникациите, во известувањето од ставот (3) на овој член е наведено само дали во конкретниот случај е:

а) констатирана злоупотреба или

б) не е констатирана злоупотреба.

(5) Надзорот од ставот (2) алинеја 2 на овој член Советот го врши со претходна најава во ОТА и кај овластените органи, заради вршење на споредба на податоците од анонимизираните примероци на наредбите за потребите на надзор и контрола, за периодот од последните три месеци.

(6) Советот согласно со известувањето од ставот (3) на овој член и извршениот надзор од ставот (5) на овој член веднаш го известува граѓанинот од ставот (2) на овој член, а доколку во случајот е констатирана злоупотреба, Советот веднаш го известува и надлежниот јавен обвинител.

(7) Кога Советот постапува по сопствена иницијатива надзорот го врши согласно со ставот (5) на овој член.

(8) За извршениот надзор од ставот (7) на овој член, Советот ја известува јавноста.

**Деловник за работа на Советот**

Член 52

Советот донесува Деловник за својата работа, со кој се уредуваат прашањата за начинот на работа на Советот.

**Услови за работа на Советот**

Член 53

(1) Просторните услови за работа на Советот ги обезбедува Собранието на Република Македонија.

(2) Финансиските средства за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

1.3. Надзор од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци

**Дирекција за заштита на лични податоци**

Член 54

Дирекцијата за заштита на лични податоци врши надзор над законитоста на преземените активности при обработка на лични податоци, како и над примената на мерките за нивна заштита утврдени со закон.

1.4. Надзор од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

**Дирекција за безбедност на класифицирани информации**

Член 55

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации врши надзор над законитоста на ракување со класифицирани информации утврдени со закон и прописите донесени врз основа на тој закон.

1.5 Надзор од страна на Народен правобранител на Република Македонија

**Народен правобранител на Република Македонија**

Член 56

Народниот правобранител на Република Македонија врши надзор над законитоста на преземените активности при спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од аспект на заштита на човековите права и слободи.

2. Контролни тела за спроведувањето на мерките за следење на комуникациите

**Контролни тела**

Член 57

(1) Контрола на законитоста на спроведувањето на посебната истражна мерка на овластените органи за спроведување на посебната истражна мерка, операторите и ОТА врши:

- јавниот обвинител кој ја води истрагата и
- судијата на претходна постапка кој ја издал наредбата за посебната истражна мерка согласно со закон.

(2) Контролата на законитоста на спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од членот 18 од овој закон на овластените органи, операторите и ОТА врши:

- Јавниот обвинител на Република Македонија и
- судијата на Врховниот суд на Република Македонија кој ја издал наредбата за следење на комуникациите.

**Ангажирање експерти**

Член 58

(1) Контролните тела од членот 57 од овој закон заради вршење на ефикасна контрола може да ангажираат технички експерти.

(2) Техничките експерти од ставот (1) на овој член се избираат по правило од Регистарот на вештаци.

(3) Техничките експерти од ставот (1) на овој член се должни да ги чуваат како службена тајна класифицираните информации, вклучувајќи ги и личните податоци до кои дошле при извршената контрола согласно со закон.

(4) Обврската од ставот (3) на овој член трае и по завршување на нивното ангажирање како експерти, за период од пет години.

**Активности кои ги вршат контролните тела**

Член 59

(1) Контролните тела од членот 57 од овој закон, секој во рамки на своите надлежности, со поддршка од техничките експерти од членот 58 од овој закон, заради утврдување на законитоста на спроведувањето на мерките за следење на комуникациите можат:

- да извршат увид во местото каде што се наоѓаат работните станици кои ги користат овластените органи, просториите на ОТА каде што се наоѓаат опремата за следење на комуникациите (LEMF) и медијациските уреди (LEIMD) и местото каде што операторите ги чуваат уредите за пренасочување на сигналот до ОТА,
- да побараат или непосредно да пристапат до системот за електронски регистар од членот 65 од овој закон,
- да побараат увид или да добијат копија од регистарот во писмена форма од членот 65 став (4) од овој закон,
- да побараат или непосредно да ја преземат анонимизираната наредба за следење на комуникации,
- да ги читаат сите логови креирани, снимени или зачувани од системите што ги користат ОТА и операторите, како и од работните станици што ги користат овластените органи, вклучително и податоците во членовите 41, 42 и 43 од овој закон.

(2) Контролните тела контролата ја вршат по потреба и без најава.

**Контрола на начинот на користење на посебните технички уреди и опрема**

Член 60

(1) Контрола над начинот на користење на посебните технички уреди и опрема од членот 17 од овој закон, врши Јавниот обвинител на Република Македонија и судијата на претходна постапка кој издал наредба за спроведување на посебната истражна мерка.

(2) За целите на контрола од ставот (1) од овој член, Јавниот обвинител на Република Македонија и надлежниот судија на претходна постапка може да ги ангажираат техничките експерти од членот 58 од овој закон.

(3) Јавниот обвинител на Република Македонија може да изврши контрола во службените евиденции што се водат во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и во овластените органи.

(4) Судијата на претходна постапка кој ја издал наредба за спроведување на посебната истражна мерка може да изврши увид во електронските записи за користењето на уредите и опремата.

(5) Контролата над посебните технички уреди и опремата од членот 34 од овој закон се регулира согласно со условите утврдени со закон.

**Извештај на технички експерт**

Член 61

За извршената контрола ангажираниот технички експерт изготвува извештај кој го доставува до контролното тело кој го ангажирал или до Комисијата од членот 38 од овој закон, не подоцна од 24 часа по завршување на контролата.

**Контрола што се врши од Министерството за внатрешни работи**

Член 62

Контрола над спроведување на одредбата од членот 2 од овој закон врши Министерството за внатрешни работи.

## V. ОБВРСКИ ЗА ОТА И ОПЕРАТОРИТЕ

### Спроведување на мерката за следење на комуникации

Член 63

Спроведување на мерката за следење на комуникации се врши само ако се исполнети два услови:

- овластеното лице во ОТА ја активирало и направило достапна комуникацијата согласно со членот 64 алинеја 1 од овој закон и

- во работните станици во овластениот орган прифатен е сигналот од ОТА за комуникацијата за која е активирана мерката за следење.

### Обврски на овластеното лице во ОТА

Член 64

По приемот на судската наредба, односно привремената писмена наредба, овластеното лице во ОТА е должно:

- веднаш да ја активира и направи достапна комуникацијата за којашто е издадена наредбата,

- да го запре спроведувањето на мерката за следење на комуникации во случај кога е истечено времето утврдено во наредбата, односно во случај кога е издадена наредба за запирање на мерката согласно со овој закон.

### Системи за електронски регистри и регистар во писмена форма

Член 65

(1) LEMF и LEIMD кои се користат во ОТА и работните станици кои ги користат овластените органи автоматски снимаат логови поврзани со следењето на комуникациите, во нивните системи за електронски регистри, соодветно. Идентична копија од логовите од LEIMD се чуваат во електронскиот регистар кај операторите. Снимените логови се повторно читливи поединечно за целите на надзор и во целост за контрола.

(2) Регистрите од ставот (1) на овој член, ОТА и операторите се должни да ги водат на начин со кој се обезбедува автентичност на логовите без можност за нивно менување. Логовите се бришат по истекот на временски период од 10 години, сметано од моментот на нивното креирање.

(3) Логовите од ставот (1) на овој член, како и логовите наведени во членовите 41, 42 и 43 од овој закон, се достапни и повторно вчитливи за целите на контрола и за потребите на кривичната истрага.

(4) Овластените органи водат регистар во писмена форма во кој се запишуваат сите преземени мерки за следење на комуникациите. Регистарот е достапен на барање за целите на контрола што ја вршат контролните тела согласно со овој закон.

(5) Регистарот од ставот (4) на овој член содржи податоци што се однесуваат на:

- број на судска наредба и/или привремена писмена наредба,

- датум и време на почеток, времетраење и датум и време на завршување на спроведување на мерката за следење,

- телефонски број, IMEI, IMSI, е-маил или кој бил кој друг релевантен податок со кој се идентификуваат корисниците за кои се однесува судската наредба и/или привремена писмена наредба,

- име на лицето за кое е издадена мерката за следење на комуникации, вклучително и неговиот прекар, доколку е познат и
- име на овластените лица кои согласно со наредбата ја следат комуникацијата.

**Обврска за операторот кој престанал да постои како правен субјект**

Член 66

Во случај кога операторот ќе престане да постои како правен субјект, е должен во рок од 7 дена од денот на престанокот да ги достави евиденциите и придружната документација до јавниот обвинител на Република Македонија.

**Обврски за ОТА**

Член 67

(1) ОТА е должна на сопствен трошок да обезбеди и одржува опрема и медијациски уреди со цел создавање услови за спроведување на мерките за следење на комуникациите, согласно со закон.

(2) ОТА е должна да води евиденција на анонимизираните наредби и анонимизираните привремени писмени наредби на безбеден начин, во период од десет години, за спроведување на мерките за следење на комуникации од членовите 7 и 18 од овој закон.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во однос на посебната истражна мерка од членот 7 од овој закон, евиденцијата се чува додека истрагата се затвора без можност за нејзино повторно отворање или кога кривичното гонење станува застарено, согласно со закон.

(4) ОТА е должна да ги направи достапни евиденциите на контролните тела при вршење на контрола согласно со овој закон.

(5) ОТА е должна да ги примени потребните технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на евиденциите и пишаните документи од став (2) на овој член, согласно со закон.

**Обврски на операторите**

Член 68

(1) Операторите се должни да ги обезбедат сите неопходни технички услови за да овозможат следење на комуникациите во нивните мрежи, согласно со овој закон.

(2) ОТА ги утврдува мерките и стандардите за информациска безбедност, кои е должен да ги примени операторот на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги во врска со неговите обврски за спроведување на мерките за следење на комуникациите согласно со овој закон.

(3) Операторот е должен да одреди лице одговорно за примена на мерките и стандардите за информациска безбедност.

(4) Во случај кога операторите имаат воведено компресија или криптозаштита на комуникацискиот сообраќај, се должни истата да ја отстранат, пред да ја достават содржината на следената комуникациска услуга до ОТА.

(5) Операторите имаат обврска да овозможат на ОТА пренос на сигналот на следење на комуникациите во реално време. Операторите се должни да ги обезбедат сите услови што се неопходни за да информациите поврзани со следената комуникација бидат на располагање веднаш по завршувањето на комуникацијата, а следењето на комуникацијата да биде непрекинато за цело време на нејзиното траење.

(6) Операторите имаат обврска да обезбедат точно и еднозначно поврзување на информациите поврзани со следената комуникација со содржината на комуникацијата која се следи.

(7) Операторите треба да обезбедат лицето чии комуникации се следат или друго неовластено лице да не забележи каква било промена во квалитетот на комуникациската услуга која може да биде предизвикана со спроведување на мерките за следење на комуникациите. Функционирањето на следената комуникациска услуга треба да остане непроменето за лицето чии комуникации се следат.

(8) Операторите треба да обезбедат иста или поголема сигурност и квалитет на следената комуникациска услуга од сигурноста и квалитетот на комуникациските услуги кои му се овозможени на лицето чии комуникации се следат.

(9) Начинот на постапување од ставовите (5), (6), (7) и (8) на овој член го пропишува директорот на ОТА.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 69

(1) Глоба во износ до 10% од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако произведува, нуди на продажба, продава, врши увоз, извоз, реекспорт или држи средства за следење на комуникациите без одобрение на Министерството за внатрешни работи. (член 2 од овој закон).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако произведува, нуди на продажба, продава, врши увоз, извоз, реекспорт или држи средства за следење на комуникации без одобрение на Министерството за внатрешни работи.

(4) Средствата наменети за следење на комуникациите ќе се одземат.

### Член 70

(1) Глоба во износ од 4% до 7% од вкупниот годишен приход на правното лице, односно трговецот поединец (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице, односно трговецот поединец започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, односно трговецот поединец, ако:

1) активностите поврзани со следење на комуникации не ги забележува во Електронскиот регистар или не го води регистарот на начин согласно со членот 65 од овој закон;

2) не ги обезбеди сите неопходни технички услови за да овозможи следење на комуникациите во неговата мрежа (член 68 став (1) од овој закон);

3) не ги применува мерките и стандардите за информациска безбедност (член 68 став (2) од овој закон);

4) не одреди лице одговорно за примена на мерките и страндардите за информациска безбедност согласно со членот 68 став (3) од овој закон;

5) не ја отстрани воведената компресија или криптозаштита на комуникацискиот сообраќај (член 68 став (4) од овој закон);

6) не овозможи спроведување на мерките за следење на комуникациите во реално време, информациите поврзани со следената комуникација не се на располагање веднаш по завршувањето на комуникацијата или следењето на комуникацијата не е непрекинато за цело време на нејзиното траење (член 68 став (5) од овој закон);

7) не обезбеди точно и еднозначно поврзување на информациите поврзани со следената комуникација со содржината на комуникацијата која се следи (член 68 став (6) од овој закон);

8) не обезбеди лицето чии комуникации се следат или друго неовластено лице да не забележи каква било промена во квалитетот на комуникациската услуга или функционирањето на следената комуникациска услуга е променето за лицето чии комуникации се следат (член 68 став (7) од овој закон);

9) не обезбеди иста или поголема сигурност и квалитет на следената комуникациска услуга од сигурноста и квалитетот на комуникациските услуги кои му се овозможени на лицето чии комуникации се следат (член 68 став (8) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Член 71

(1) На правното лице за сторен прекршок од членот 70 од овој закон покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на одделна дејност во траење од шест месеци до три години, а може да му се изрече и прекршочна санкција одземање на предмети со кои е сторен прекршокот.

(2) На одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од членот 70 од овој закон, покрај глобата, ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година.

(3) На трговец поединец за сторен прекршок од членот 70 од овој закон, покрај глобата ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година, а може да му се изрече прекршочна санкција одземање на предмети со кои е сторен прекршокот.

## Одмерување на висина на глоба

Член 72

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно за трговецот поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

## Надзор и прекршочна постапка

Член 73

(1) Надзор над спроведувањето на обврските на операторите утврдени со овој закон врши Агенцијата за електронски комуникации согласно со закон.

(2) Прекршочната постапка за прекршоците утврдени со овој закон ја води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**Стручен надзор над работата на операторите**

Член 74

ОТА врши стручен надзор над работењето на операторите во согласност со закон и прописите донесени врз основа на него.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 75

Собранието на Република Македонија ќе ги назначи претседателот и членовите на Советот за граѓански надзор најдоцна до започнувањето на примената од овој закон.

Член 76

Подзаконските прописи предвидени согласно со одредбите од овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на избор на директор на Оперативно-техничката агенција.

Член 77

Операторите се должни да го усогласат своето работење согласно со овој закон најдоцна до 1 ноември 2018 година.

Член 78

(1) ОТА пред да донесе или да измени подзаконски акт од своја надлежност, кој не содржи класифицирани информации, а се однесува на обврски за операторите, е должна на својата веб страница јавно да го објави предложениот подзаконски акт, со цел да обезбеди јавна расправа со која ќе им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на истите.

(2) Рокот на траење на јавната расправа не смее да биде пократок од 30 дена од денот на објавувањето на предложениот акт од ставот (1) на овој член.

(3) По истекот на рокот од ставот (2) на овој член, а пред донесувањето на актот од ставот (1) на овој член, ОТА го објавува на својата веб страница добиените мислења и коментари, како и ставот на ОТА по однос на истите, при што доверливите информации и податоци не се објавуваат.

(4) Пред да го донесе актот од ставот (1) на овој член ОТА може да одржи и јавен состанок со заинтересираните страни.

Член 79

Со денот на започнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ број 121/2006, 110/2008 и 116/12).

Член 80

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува најдоцна до 1 ноември 2018 година.